# Д Е Л О В Н И К

**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ на Јавната установа Национален Парк Шар Планина, Република Северна Македонија**

Врз основа на член 135-а став 8 и став 12 од од Законот за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија” бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 151/21), Советот на засегнати страни на Јавната установа Национален Парк Шар Планина, Република Северна Македонија на првата конститутивна седницата одржана на 09.06.2022 година, донесе

**Д Е Л О В Н И К**
**за работа на Советот на засегнати страни на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

***Член 1***

Со овој Деловник се уредуваат организацијата и функционирањето на Советот на засегнати страни на Јавната установа Национален Парк Шар Планина, Република Северна Македноија (во понатамошниот текст - СЗС).

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТОТ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

***Член 2***

Советот на засегнати страни го сочинуваат претставници на:

1) единиците на локалната самоуправа и урбаните и месни заедници чија територија како целина или како дел се преклопува со територијата на заштитеното подрачје;
2) локални здруженија на граѓани од областа на заштитата на животната средина и природата;
3) подрачни единици на органите на државната управа, државни јавни претпријатија и установи кои вршат дејности и активности на територијата на заштитеното подрачје;

4) локални јавни претпријатија и установи кои вршат дејности и активности на територијата на заштитеното подрачје и
5) други правни лица кои вршат дејности и активности за користење на природните ресурси на територијата на заштитеното подрачје

Членовите на СЗС имаат мандат од 5 години.

СЗС е советодавно тело.

По потреба, на состаноците на СЗС може да се повикаат да учествуваат и претставници од други институции кои не се членки на СЗС.

***Член 3***

Активностите на СЗС ги координира Претседател кој го предлага Управниот Одбор на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија.

Претседалетот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број членови на СЗС и има мандат од една година, со можност на реизбор.

Претседателот раководи со СЗС, го претставува советот, ги потпишува актите кои ги донесува СЗС, се грижи за спроведување на одредбите од Деловникот, одлучува за одржување на состаноците и врши други надлежности.

**Член 4**

Советот на засегнати страни има секретар, кој нема право на глас.

Секретарот ги подготвува и организира состаноците на СЗС, се грижи за уредно и ажурно доставување на актите и му помага на Претседателот во спроведување на овој Деловник.

Секретарот се бира од вработените во Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија.

## 3. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

***Член 5***

Првата седница на новоизбраниот СЗС ја свикува Директорот на Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите.

Ако СЗС не се свика во рок од став 1 на овој член, членовите на СЗС сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на СЗС го конституираат СЗС во рок од 10 дена по истекот на рокот од ставот 1 на овој член.

Ако седницата не се одржи во рок од ставот 2 на овој член, ќе се распишат нови избори за членовите на СЗС, на начин утврден со Закон.

***Член 6***

Со конститутивната седница до изборот на претседател на Советот, раководи најстариот присутен член на СЗС.

**4. НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ**

***Член 7***

СЗС работи на седници.

Седниците на СЗС се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш годишно.

Седниците на СЗС се јавни. СЗС може да одлучи јавноста да биде исклучена.

По исклучок, заради решавање на итни проблеми со кои се соочува Ј.У.Н.П Шар Планина, Република Северна Македонија, Директорот може да побара одржување на вонредна седница на СЗС.

***Член 8***

Претседателот на СЗС писмено ги известува членовите за времето и местото на одржување на седницата и тоа најмалку 3 дена пред нејзиното одржување.

Со поканата за одржување на состанокот се доставуваат и материјалите за дневниот ред.

***Член 9***

Седницата се одржува доколку има кворум, односно се присутни повеќе од половината од сите членки на СЗС.

Претседателот на почетокот на седницата го утврдува кворумот за работа на СЗС.

***Член 10***

СЗС дава мислења и предлози по однос на предлогот на планот за управување со заштитеното подрачје, предлогот за ревизија на планот за управување со заштитеното подрачје, спроведувањето на одделните програми од планот за управување со заштитеното подрачје од научен аспект и активно учествува во подготовка и ажурирање на ПУ.

Мислењата и предлозите СЗС ги носи со јавно гласање “за” или “против”, при што истите се сметаат за донесени ако повеќе од половина од присутните гласале “за”.

***Член 11***

За текот на работата на СЗС се води Записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на состанокот, список на присутни лица, дискуции по точки од дневен ред, донесените мислења, предлози и заклучоци.

Записникот се доставува до членовите заедно со поканата за наредниот состанок.

***Член 12***

Записникот се усвојува на почетокот на наредната седница.

При усвојување на записникот, секој член може да стави забелешки на записникот. За забелешките кои ќе се усвојат се прави исправка на записникот.

Усвоениот записник го потпишува Претседателот на СЗС.

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

***Член 13***

Измени и дополнувања на овој деловник ќе се прави на ист начин и во иста постапка според која се донесува.

***Член 14***

Овој деловник влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува по неговото усвојување од страна на Управниот одбор.

СЗС на Ј.У.Н.П Шар
Планина, Република
Северна Македонија

Претседател

______________________________

Бр. ___________________

09.06.2022 година